# Службен весник на Република Македонија

**Број 11** **18 јануари 2018, четврток** **година LXXIV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**


**СОДРЖИНА**


| | | Стр. |
|---|---|---|
| 110. | **Закон** за престанување на важењето на Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија.................................. | 2 |
| 111. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за културата.............. | 2 |
| 112. | **Закон** за изменување на Законот за регистрирање на готовински плаќања.. | 4 |
| 113. | **Закон** за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.............................................. | 5 |
| 114. | **Закон** за трговија на зелени пазари.... | 5 |
| 115. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за управната инспекција.................................................... | 19 |
| 116. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор...... | 20 |
| 117. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен........... | 21 |
| 118. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за основање на Државна комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.................................... | 22 |
| 119. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за архивски материјал..................................................... | 23 |
| 120. | **Закон** за изменување на Законот за електронските комуникации............ | 24 |
| 121. | **Закон** за изменување на Законот за основање на Македонска академска истражувачка мрежа......................... | 25 |
| 122. | **Закон** за амнестија........................... | 25 |
| 123. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за културата.............. | 27 |
| 124. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за заштита на културното наследство.......................... | 28 |
| 125. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за филмската дејност........ | 29 |
| 126. | **Закон** за урбано зеленило................ | 30 |
| 127. | **Закон** за изменување и дополнување на Законот за административни службеници...................................... | 44 |
| 128. | **Решение** за впишување на здружение во Регистарот на здруженија од областа на социјалната заштита....... | 51 |
| 129. | **Решение** за впишување на здружение во Регистарот на здруженија од областа на социјалната заштита....... | 51 |
| 130. | **Правилник** за изменување на Правилникот за почетна обука............... | 51 |
| | **Огласен дел** .................................... | 1-60 |

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**110.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ПРЕСТАНОК НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА СОВЕТОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИ И ПОКРЕНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ ЗА СУДИЈА**

Се прогласува Законот за престанок на важењето на Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јануари 2018 година.

Бр. 08-265/1
11 јануари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ВАЖЕЊЕТО НА ЗАКОНОТ ЗА СОВЕТОТ ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ФАКТИ И ПОКРЕНУВАЊЕ НА ПОСТАПКА ЗА УТВРДУВАЊЕ ОДГОВОРНОСТ ЗА СУДИЈА**

Член 1

Со овој закон престанува да важи Законот за Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија („Службен весник на Република Македонија“ број 20/15).

Член 2

Со денот на влегувањето во сила на овој закон на претседателот и членовите на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија, им престанува мандатот.

Предметите, архивата, стварите, опремата, средствата за работа и другите средства на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија со денот на влегувањето во сила на овој закон ги презема, Судскиот совет на Република Македонија.

Постапките започнати до денот на влегувањето во сила на овој закон ќе продолжат според одредбите од Законот за Судскиот совет на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 60/2006, 150/10, 100/11, 20/15, 61/15 и 197/17).

Побарувањата и намирувањата на обврските на Советот за утврдување на факти и покренување на постапка за утврдување одговорност за судија до денот на влегувањето во сила на овој закон ги презема Судскиот буџетски совет.

Член 3

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**L I GJ**
**PËR SHFUQIZIMIN E LIGJIT PËR KËSHILLIN PËR PËRCAKTIM TË FAKTEVE DHE NGRITJE TË PROCEDURËS PËR PËRCAKTIM TË PËRGJEGJËSISË PËR GJYKATËS**

Neni 1

Me këtë ligj shfuqizohet Ligji për Këshillin për përcaktim të fakteve dhe ngritje të procedurës për përcaktim të përgjegjësisë për gjykatës (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 20/15).

Neni 2

Me ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, u pushon mandati kryetarit dhe anëtarëve të Këshillit për përcaktim të fakteve dhe ngritje të procedurës për përcaktim të përgjegjësisë për gjykatës.

Lëndët, arkivi, sendet, pajisja, mjetet për punë dhe mjetet tjera të Këshillit për përcaktim të fakteve dhe ngritje të procedurës për përcaktim të përgjegjësisë për gjykatës me ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, i merr Këshilli Gjyqësor i Republikës së Maqedonisë.

Procedurat e filluara deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji do të vazhdojnë sipas dispozitave të Ligjit për Këshillin Gjyqësor të Republikës së Maqedonisë (”Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 60/2006, 150/10, 100/11, 20/15, 61/15 dhe 197/17).

Kërkesat dhe përmbushjet e obligimeve të Këshillit për përcaktim të fakteve dhe ngritje të procedurës për përcaktim të përgjegjësisë për gjykatës deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, i merr Këshilli Gjyqësor Buxhetor.

Neni 3

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**111.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА**

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за културата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јануари 2018 година.

Бр. 08-266/1
11 јануари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА КУЛТУРАТА**

Член 1

Во Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ број 31/1998, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16), во член 11-б ставот (1) се менува и гласи:

„Уметник и стручен работник од областа на заштитата на културното наследство, кој остварил право на пензија и кој е добитник на една од следниве награди за областа на културата и уметноста:

- републичката, односно државната награда „11 Октомври“ или
- републичката, односно државната награда „Св. Климент Охридски“ или
- државната награда „23 Октомври“, има право на месечен паричен надоместок во висина на разликата меѓу пензијата што ја остварува и износот од 38.500 денари.“.

Член 2

Во членот 29 став (3) точката 4) се менува и гласи:

„има минимум пет години работен стаж во областа на културата или пет години работно искуство на работи или проекти во областа на културата врз основа на склучени договори за дело;“.

Член 3

Во член 31-а ставовите (1), (2), (3) и (4) се бришат.

Во ставот (5) пред зборот „Платата“, бројот „(5)” се брише.

Член 4

Во член 31-б во ставот (2) зборовите: „наредните шест месеци“ се заменуваат со зборовите: „рок определен од министерот за култура кој не може да биде подолг од шест месеци“.

Во ставот (3) зборовите: „шестте месеци“ се заменуваат со зборовите: „рокот од ставот (2) на овој член“.

Член 5

Во членот 34 ставови (1) и (4) зборот „конкурс“ се заменува со зборовите: „јавен оглас“.

Член 6

Во членот 84 по ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) Директорот на установата, односно одговорното лице во субјектот на надзорот е должно да му овозможи на инспекторот увид во состојбата, работата и актите и да му ги даде бараните податоци и известувања.“.

Во ставот (3) кој станува став (4) зборовите: „управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „втор степен од областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка“.

Член 7

Во членот 91 став (1) во алинејата 1 бројот „25“ се заменува со бројот „28“.

Член 8

Во членот 91-а во став (1) во алинејата 11 зборовите: „86 став (1)“ се заменуваат со зборовите: „84 став (3)“.

По алинејата 11 се додава нова алинеја 12, која гласи:

„- не ги преземе соодветните мерки и активности за отстранување на неправилностите во утврдениот рок (член 85 точка 1)).“.

Член 9

На уметниците и стручните работници од областа на заштитата на културното наследство кои до денот на влегувањето во сила на овој закон го оствариле правото на месечен паричен надоместок во висина на разликата меѓу пензијата што ја остваруваат и највисоката пензија во Република Македонија во претходната година, за тековната година по денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе продолжи да им се исплаќа месечениот паричен надоместок согласно со членот 11-б од Законот за културата („Службен весник на Република Македонија“ број 31/1998, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 и 39/16).

Член 10

Лицето кое се стекнало со титулата национален уметник, а со тоа и со правото на месечен паричен надоместок согласно со Законот за националниот уметник на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ број 44/11), до денот на влегувањето во сила на овој закон, доколку по денот на влегувањето во сила на овој закон се стекне со некоја од наградите од членот 1 од овој закон, истото го исклучува правото на истовремено користење на месечниот паричен надоместок од членот 1 од овој закон.

Член 11

Започнатите постапки по поднесено барање за остварување на месечен паричен надоместок од членот 1 од овој закон до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе се завршат согласно со овој закон.

Член 12

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за културата.

Член 13

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN DHE PLOTËSIMIN E LIGJIT PËR KULTURË

Neni 1

Në Ligjin për kulturë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 31/1998, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 dhe 39/16), në nenin 11-b paragrafi (1) ndryshon si vijon:

“Artisti dhe punëtori profesional nga sfera e mbrojtjes së trashëgimisë kulturore, i cili ka realizuar të drejtë të pensionit dhe i cili është fitues i njërit prej çmimeve në vijim për sferën e kulturës dhe artit:

- çmimi republikan, përkatësisht shtetëror ”11 Tetori” ose
- çmimi republikan, përkatësisht shtetëror " Shën Kliment Ohridski" ose
- çmimi shtetëror “23 Tetori”, ka të drejtë të kompensimit mujor me para në lartësi të dallimit ndërmjet pensionit që e realizon dhe shumës prej 38.500 denarësh.”.

Neni 2

Në nenin 29 në paragrafi (3) pika 4) ndryshohet si vijon:

“ka minimum pesë vjet stazh pune në sferën e kulturës ose pesë vjet përvojë pune në punë ose projekte në sferën e kulturës në bazë të marrëveshjeve të lidhura për vepër;".

Neni 3

Në nenin 31 - a paragrafët (1), (2), (3) dhe (4) shlyhen.

Në paragrafin (5) para fjalës “Rrogën” numri (5) shlyhet.

Neni 4

Në nenin 31-b në paragrafin (2) fjalët: “gjashtë muajt e ardhshëm” zëvendësohen me fjalët: “afat i përcaktuar nga ministri i Kulturës i cili nuk mund të jetë më i gjatë se gjashtë muaj".

Në paragrafin (3) fjalët “gjashtë muajt” zëvendësohen me fjalët: “afati nga paragrafi (2) i këtij neni”.

Neni 5

Në nenin 34 paragrafët (1) dhe (4) fjala “konkurs” zëvendësohet me fjalët: “shpallje publike”.

Neni 6

Në nenin 84 pas paragrafit (2) shtohet paragraf i ri (3), si vijon:

“(3) Drejtori i institucionit, përkatësisht personi përgjegjës në subjektin e mbikëqyrjes është i detyruar që t'i mundësojë inspektorit shikim në gjendjen, punën dhe aktet dhe t'ia japë të dhënat dhe njoftimet e kërkuara.".

Në paragrafin (3) i cili bëhet paragraf (4) fjalët: “procedurë administrative dhe procedurë nga marrëdhënia e punës në shkallë të dytë” zëvendësohen me fjalët: “shkallë të dytë nga sfera e mbikëqyrjes inspektuese dhe procedurës kundërvajtëse.”

Neni 7

Në nenin 91 paragrafi (1) në alinenë 1 numri “25” zëvendësohet me numrin “28”.

Neni 8

Në nenin 91 - a në paragrafin (1) në alinenë 11 fjalët: “86 paragrafi (1)” zëvendësohen me fjalët: “84 paragrafi (3)”.

Pas alinesë 11, shtohet aline e re 12, si vijon:

“ - nuk i merr masat dhe aktivitetet përkatëse për mënjanimin e parregullsive në afatin e përcaktuar (neni 85 pika 1)).”.

Neni 9

Artistëve dhe punëtorëve profesionalë nga sfera e mbrojtjes së trashëgimisë kulturore të cilët deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji e kanë realizuar të drejtën e kompensimit mujor me para në lartësi të dallimit ndërmjet pensionit që e realizojnë dhe pensionit më të lartë në Republikën e Maqedonisë në vitin paraprak, për vitin rrjedhës pas ditës së hyrjes në fuqi të këtij ligji, do të vazhdojë që t'u paguhet kompensimi mujor me para në pajtim me nenin 11-b nga Ligji për kulturë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 31/1998, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15 dhe 39/16).

Neni 10

Personi i cili e ka marrë titullin artist nacional, e me këtë edhe të drejtën e kompensimit mujor me para në pajtim me Ligjin për artist nacional të Republikës së Maqedonisë (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë ” numër 44/11) deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, nëse pas ditës së hyrjes në fuqi të këtij ligji e merr ndonjërin nga çmimet nga neni 1 të këtij ligji, e njëjta e përjashton të drejtën e shfrytëzimit njëkohësisht të kompensimit mujor me para nga neni 1 i këtij ligji.

Neni 11

Procedurat e filluara pas kërkesës së parashtruar për realizimin e kompensimit mujor me para nga neni 1 i këtij ligji deri në ditën e hyrjes në fuqi të këtij ligji, do të përfundohen në pajtim me këtë ligj.

Neni 12

Autorizohet Komisioni Juridik Ligjvënës i Kuvendit të Republikës së Maqedonisë të përcaktojë tekst të spastruar të Ligjit për kulturë.

Neni 13

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e botimit në "Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë".

---

**112.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА

Се прогласува Законот за изменување на Законот за регистрирање на готовински плаќања,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јануари 2018 година.

Бр. 08-267/1
11 јануари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

## З А К О Н
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА РЕГИСТРИРАЊЕ НА ГОТОВИНСКИ ПЛАЌАЊА

Член 1

Во Законот за регистрирање на готовински плаќања („Службен весник на Република Македонија“ број 31/2001, 42/2003, 40/2004, 70/2006, 126/2006, 88/2008, 133/2009, 171/10, 185/11, 6/12, 79/13, 188/13, 115/14, 129/15, 154/15 и 23/16), во членот 20-а став 4 зборовите: „во траење од 15 дена за даночен обврзник правно лице и 15 дена за даночен обврзник физичко лице.“, се заменуваат со зборовите: „до плаќање на глобата, но не подолго од 15 дена.“.

Член 2

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

---

## L I GJ
## PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR REGJISTRIM TË PAGESAVE ME PARA NË DORË

Neni 1

Në Ligjin për regjistrim të pagesave me para në dorë ("Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë" numër 31/2001, 42/2003, 40/2004, 70/2006, 126/2006, 88/2008, 133/2009, 171/10, 185/11, 6/12, 79/13, 188/13, 115/14, 129/15, 154/15 dhe 23/16), në nenin 20-a paragrafi 4 fjalët: “në kohëzgjatje prej 15 ditësh për detyrësin tatimor person juridik dhe 15 ditësh për detyrësin tatimor person fizik.”, zëvendësohen me fjalët: “deri në pagimin e gjobës, por jo më gjatë se 15 ditë.”.

Neni 2

Ky ligj hyn në fuqi me ditën e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

**113.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА**

Се прогласува Законот за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јануари 2018 година.

Бр. 08-268/1
11 јануари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА**

Член 1

Во Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на Република Македонија” број 169/15, 226/15 и 55/16), во членот 232 став (2) алинејата 1 се менува и гласи:

„има возачка дозвола од категориите за кои автошколата има лиценца за давање обуки;“.

Член 2

Во членот 275 став (1) во алинејата 1 бројот „16“ се заменува со број „17“.

Член 3

Во членот 304 став (1) бројот „65“ се заменува со бројот „70“.

Во ставот (4) бројот „55“ се заменува со бројот „65“, а бројот „65“ се заменува со бројот „70“.

Член 4

Во членот 325 став (1) во алинејата 4 бројот „65“ се заменува со бројот „70“.

Член 5

Во членот 331 став (1) во точката 1) бројот „16“ се заменува со бројот „17“.

Точките 6) и 7) се бришат.

По ставот (2) се додава нов став (3), кој гласи:

„(3) За оспособување за управување со моторно возило на дете, во смисла на овој закон, исклучиво се применуваат одредбите на овој член.”

Член 6

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

**L I GJ**
**PËR NDRYSHIMIN E LIGJIT PËR SIGURI NË KOMUNIKACIONIN RRUGOR**

Neni 1

Në Ligjin për siguri në komunikacionin rrugor (“Gazeta Zyrtare e Republikës së Maqedonisë” numër 169/15, 226/15 dhe 55/16) në nenin 232 paragrafi (2) alineja 1 ndryshohet si vijon:

“ka patentë shoferi të kategorive për të cilat auto-shkolla ka licencë për dhënie të trajnimeve;”.

Neni 2

Në nenin 275 paragrafi (1) në alinenë 1 numri “16” zëvendësohet me numrin “17”.

Neni 3

Në nenin 304 paragrafi (1) numri „65” zëvendësohet me numrin “70”

Në paragrafin (4) numri „55“ zëvendësohet me numrin “65”, ndërsa numri “65” zëvendësohet me numrin “70”.

Neni 4

Në nenin 325 paragrafi (1) në alinenë 4 numri “65” zëvendësohet me numrin “70”.

Neni 5

Në nenin 331 paragrafi (1) në pikën 1) numri “16” zëvendësohet me numrin “17”.

Pikat 6) dhe 7) shlyhen.

Pas paragrafit (2) shtohet paragrafi i ri (3), si vijon:

"(3) Për aftësimin e fëmijës për drejtimin e automjetit, sipas këtij ligji. ekskluzivisht zbatohen dispozitat e këtij neni."

Neni 6

Ky ligj hyn në fuqi në ditën e tetë nga dita e botimit në “Gazetën Zyrtare të Republikës së Maqedonisë”.

---

**114.**

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**У К А З**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТРГОВИЈА НА ЗЕЛЕНИ ПАЗАРИ**

Се прогласува Законот за трговија на зелени пазари,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 11 јануари 2018 година.

Бр. 08-269/1
11 јануари 2018 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
м-р **Талат Џафери,** с.р.

**З А К О Н**
**ЗА ТРГОВИЈА НА ЗЕЛЕНИ ПАЗАРИ**

Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на вршење на трговија на зелените пазари во Република Македонија, субјектите кои може да вршат трговија на зелените пазари, условите и начинот на организирање на зелените пазари, евиденцијата на трговците на зелени пазари и правата и обврските на трговците и организаторите на зелените пазари.

Член 2

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

- „**Трговец на зелени пазари**" во смисла на овој закон се смета невработено физичко лице што врши трговија на мало на тезги и пазари, физички лица кои се занимаваат со земјоделска дејност, трговци поединци,

- „**Регистар на трговците на зелени пазари**" е јавна книга која претставува база на податоци на сите запишани трговци на зелените пазари кои вршат трговија на мало на тезги и пазари на територијата на Република Македонија и којшто го води Комората на трговците на Македонија,

- „**Комора на трговците на Македонија**" е комора која врши јавни овластувања согласно со овој закон (во натамошниот текст: Комора),

- „**Легитимација на трговците на зелени пазари**" е јавна исправа која Комората ја издава на трговецот на зелени пазари за вршење на дејноста трговија на мало на тезги и пазари на организирани пазари (во натамошниот текст: легитимација),

- „**Јавно овластување**" е овластување кое се доделува на Комората согласно со овој закон за издавање на следниве акти:

- водење на регистар,

- решение за упис во регистар,

- решение за одбивање на барањето за упис во регистар,

- издавање и одземање на легитимација,

- решение за упис на промена и

- решение за одјавување на дејноста.

Член 3

(1) Трговија на зелен пазар е купување и продавање на стоки на организиран пазар.

(2) На зелен пазар не може да се врши трговија во смисла на давање на услуги.

Член 4

(1) Изградбата, одржувањето и обезбедувањето на услови за организирање трговија на зелен пазар е комунална дејност од јавен интерес од локално значење и може да се врши согласно со развојните и урбанистичките планови од страна на општините, општините во град Скопје и градот Скопје преку јавни претпријатија и/или да се врши преку доделување договор за јавно приватно партнерство согласно со одредбите на Законот за концесии и јавно приватно партнерство и прописите за комунална дејност под услов да ги исполнуваат минималните здравствено-санитарни и технички услови.

(2) Во случај кога дејноста или дел од активностите на дејноста, организаторот на зелен пазар ги врши со договор за јавно приватно партнерство, таквиот договор е непренослив за целиот период на неговото времетраење и истиот не може да трае подолго од 15 години од денот на неговото склучување.

(3) Изградбата, одржувањето и обезбедувањето на услови за организирање трговија на зелен пазар од ставот (1) на овој член може да се врши како трговска дејност од страна на трговци регистрирани согласно со Законот за трговски друштва со нивни сопствени средства и имот под услов да ги исполнуваат минималните здравствено-санитарни и технички услови, општите и посебните барања за безбедност на храна при пуштање во промет.

(4) Минимално здравствено-санитарни и технички услови од ставовите (1) и (3) на овој член кои треба да ги исполни организаторот на зелениот пазар се:

1) големина на простор и опрема за продажба;

2) санитарни услови и

3) услови за одржување на хигиена.

(5) Министерот за економија во согласност со министерот за здравство и министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, односно и директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство ги пропишува поблиските услови од ставовите (3) и (4) на овој член.

(6) Организаторите на пазарите од ставовите (1) и (3) на овој член кои ги исполнуваат условите од ставот (4) на овој член, се должни 15 дена пред започнувањето на вршењето на работите да ги известат Државниот пазарен инспекторат и Државниот здравствен инспекторат.

Член 5

(1) На зелените пазари се врши трговија на мало на стоки под услови пропишани со овој закон, Законот за трговија, Законот за безбедност на храната, Законот за квалитет на земјоделски производи како и Законот за здравјето на растенијата.

(2) Стоките кои може да се продаваат на зелените пазари ги определува Владата на Република Македонија на предлог на министерот за економија, во согласност со министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Член 6

(1) Организаторот на зелен пазар покрај исполнувањето на минималните здравствено-санитарни и технички услови за организирање на зелени пазари е должен:

- со секој трговец на зелените пазари кој продава на зелениот пазар да има склучено договор за закуп на тезга за продажба на производи на пазарот,

- да има утврдено и да ги објави на јавен и транспарентен начин критериумите врз основа на кои ја утврдува висината на закупнината и пазарната такса како и критериумите согласно со кои се распределуваат тезгите на пазарот,

- да се грижи за одржување на редот на пазарот и

- да ги применува прописите за безбедност во случај на пожар.

(2) Работното време на зелените пазари на кои се врши трговија на мало го определува Советот на општината, односно Советот на град Скопје во соработка со Комората.

Член 7

(1) Трговија на зелени пазари може да вршат само:

- невработени физички лица кои се регистрирани како вршители на самостојна дејност за трговија на мало на тезги и пазари, запишани во регистарот на Комората и вршат дејност согласно со одредбите од овој закон,

- физичките лица регистрирани како трговци поединци со единствена дејност-трговија на мало на тезги и пазари, запишани во трговскиот регистар во Централниот регистар на Република Македонија согласно со одредбите од Законот за трговски друштва,

- физичките лица чие работење не надминува земјоделска дејност од помал обем и кои се запишани во регистарот на индивидуални земјоделци согласно со одредбите од Законот за вршење земјоделска дејност,

- физичките лица кои се во работен однос, а се занимаваат со земјоделска дејност и се сопственици на земјоделско земјиште или истото го користат како роднини од прв наследен ред кои не се вршители на земјоделска дејност во смисла на Законот за вршење земјоделска дејност и се евидентирани во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, по завршување на работното време од работниот однос, како и во неработни денови,

- физичките лица кои се регистрирани, односно евидентирани во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство како членови на семејно земјоделско стопанство.

(2) Трговци на зелени пазари од ставот (1) алинеја 1 на овој член не може да биде физичко лице кое остварува приходи по основ на работен однос, приходи по основ на самостојно вршење на дејност по друг закон, приходи по основ на договор за дело, приходи по основ на пензија, социјална парична помош и паричен надоместок за време на невработеност.

Член 8

Трговецот на зелени пазари одговара за своите обврски со целиот свој имот.

**Упис**

Член 9

(1) За вршење на дејност, невработено физичко лице поднесува писмено барање до Комората за упис во Регистарот.

(2) Барањето од ставот (1) на овој член се поднесува на два идентични обрасци, со еден прилог на докази.

(3) Со барањето од ставот (1) на овој член, физичкото лице доставува:

- потврда од Агенцијата за вработување на Република Македонија дека е невработен,
- доказ за платен надоместок од ставот (5) на овој член.

(4) Комората во рок од пет работни дена од денот на поднесувањето на барањето издава решение за упис во регистарот и легитимација.

(5) За издавање на решение за упис и легитимацијата се плаќа надоместок чија висина се определува врз основа на реални пресметани трошоци.

(6) По еден примерок од решението за упис во регистерот се доставува до Централниот регистар.

(7) Доколку физичкото лице кон барањето за упис во регистарот приложи докази кои не се издадени од надлежни институции, Комората ќе донесе решение со кое се одбива барањето за упис во регистарот.

(8) Против решението од ставот (7) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението од ставот (6) на овој член до органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата.

(9) Формата и содржината на барањето од ставот (1) на овој член, решението за упис од ставот (4) на овој член и решението за одбивање на барањето за упис од ставот (7) на овој член ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата.

Член 10

Комората преку воспоставен веб сервис со Централниот регистар без надоместок презема податоци за упис на основање, промена и бришење на трговец поединец, согласно со Законот за Централен регистар, а врз основа на претходно склучен договор меѓу два субјекти.

Член 11

(1) Комората при издавање на решение за упис согласно со членот 9 став (4) од овој закон, истовремено издава и легитимација во рок од пет дена од денот на поднесување на барањето за упис.

(2) Легитимација се издава и за трговците на зелени пазари од членот 7 став (1) алинеи 2, 3, 4 и 5 од овој закон врз основа на соодветни регистри.

(3) Легитимацијата се издава за вршење на трговија на зелени пазари.

(4) Легитимацијата се издава на име на трговецот на зелените пазари и не смее да се пренесе на друг трговец на зелените пазари.

(5) Трговецот на зелените пазари легитимацијата ја има со себе за цело време на продажба на тезгата на пазар која му е доделена од страна на организаторот на пазарот.

(6) Легитимацијата има рок на важење од една календарска година. Истата може да се обнови по барање на трговецот на зелени пазари во рок од еден месец пред истекот на рокот на важност на легитимацијата.

(7) Трговецот на зелени пазари може да врши само дејности што се наведени во легитимацијата.

(8) Формата и содржината на легитимацијата ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата.

Член 12

Легитимацијата која му е издадена на трговецот на зелени пазари престанува да важи:

- по сила на закон,
- по барање на трговецот на зелени пазари и
- по истекот на рокот на важење.

Член 13

(1) За вршење на трговија на зелен пазар, трговецот на зелени пазари склучува договор со организаторот на пазарот со кој слободно ги уредуваат меѓусебните односи согласно со Законот за облигационите односи.

(2) Договорот помеѓу организаторот на пазар и трговецот на зелен пазар се склучува после издавањето на легитимацијата на трговецот на зелен пазар од страна на Комората.

(3) Задолжителни елементи кои треба да ги содржи договорот од ставот (1) на овој член се:

- име и презиме на трговецот на зелени пазари,
- дејноста за која трговецот на зелени пазари добил легитимација од страна на Комората,
- број на легитимацијата и рок на важење,
- број на тезга,
- износот на надоместокот за закуп на тезга и пазарна такса и начинот на плаќање на истиот (во натамошниот текст: надоместок) и
- периодот за кој се закупува тезгата кој треба да соодејствува со рокот на важење на легитимацијата.

(4) Договорите помеѓу организаторот на пазарот и трговецот на зелени пазари се склучуваат на одреден период (годишно, полугодишно, квартално, месечно) при што истите можат да бидат и на дневна основа.

(5) Трговецот на зелени пазари од членот 7 став (1) алинеи 3, 4 и 5 од овој закон, годишно не може да има склучено дневни договори со организатори на пазари за период подолг од 30 дена, освен кога се работи за две или повеќе различни култури во различен период од годината за кога може да се појави како продавач на пазарот два пати во годината.

Член 14

(1) Седиштето на трговци на зелени пазари е местото во кое тој има живеалиште.

(2) Фирмата на трговецот на зелени пазари се состои од неговото име и презиме до која задолжително стојат зборовите „трговци на зелени пазари."

(3) Фирмата на самостојниот вршител на дејност со седиште во единица на локална самоуправа во која најмалку 20% од граѓаните зборуваат службен јазик различен од македонскиот, може да гласи и на тој јазик.

**Престанок на дејност**

Член 15

Самостојниот вршител на дејност престанува да врши дејност и се брише од Регистар:
- со одјавување,
- по сила на закон и
- во случај на смрт.

Член 16

(1) Трговецот на зелени пазари е должен да го објави вршењето на дејноста, доколку остварува приходи по основ на работен однос, приходи по основ на самостојно вршење на дејност по друг закон, приходи по основ на договор на дело, приходи по основ на пензија, социјална парична помош и паричен надоместок за време на невработеност.

(2) Трговецот на зелени пазари, исто така, може да бара одвојување вршење на дејноста по негово барање.

(3) За одвојување на дејноста на трговци на зелени пазари со одјавување, Комората во рок од пет работни дена од приемот на барањето од ставот (2) на овој член донесува Решение за одјавување на дејноста.

(4) Против Решението од ставот (3) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението преку Комората до органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата.

(5) По еден примерок од решението од ставот (3) на овој член се доставува до Централниот регистар и Управата за јавни приходи, при што како ден на престанување на вршење на дејноста се смета денот на поднесување на барањето од ставот (2) на овој член.

(6) Решението од ставот (3) на овој член, Комората го запишува во регистарот од денот на поднесувањето на барањето за одјавување на дејноста.

(7) Формата и содржината на барањето на дејноста го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа, надлежен за работите од областа на трговијата.

Член 17

(1) Трговецот на зелени пазари престанува да ја врши дејноста по сила на закон во следниве случаи:
- ако се пензионира,
- ако е на издржување на казна затвор во траење подолго од шест месеци и
- со правосилна судска одлука или правосилно решение му биде изречена прекршочна мерка забрана за вршење на дејност подолго од шест месеци.

(2) За престанок на дејноста по сила на закон, Комората донесува решение за бришење од Регистарот со денот на исполнување на условот од ставот (1) на овој член.

(3) Против решението од ставот (2) на овој член, може да се изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението од ставот (2) на овој член преку Комората до органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата.

(4) Решението од ставот (2) на овој член Комората го запишува во Регистар.

(5) По еден примерок од решението од ставот (1) на овој член се доставува до Централниот регистар и Управа за јавни приходи, при што како ден на престанување на вршење на дејноста се смета денот на настанувањето на еден од случаите од ставот (1) на овој член.

**Упис на промена**

Член 18

(1) Трговецот на зелени пазари е должен за секоја промена на дејноста, дополнување на дејноста и промена на адресата на седиштето да поднесе барање за упис на промена во Регистар.

(2) Комората во рок од пет работни дена од денот на приемот на барањето од ставот (1) на овој член издава решение за упис на промена.

(3) Формата и содржината на барањето за упис на промена во регистарот го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата.

**Регистар**

Член 19

(1) Регистарот на трговците на зелените пазари го води Комората која е надлежна за одржување на интегритетот на податоците на регистарот на вршители на самостојна дејност, обезбедување на соодветно ниво на заштита и достапност на податоците, одржување, надгледување и заштита на системот за обработка на податоци, одржување, надгледување и заштита на мрежата за давање на користење на податоци, обезбедување на пристап до податоците во регистарот, дизајнирање и надгледување на перформансите на регистарот и спроведување на стандарди за употреба и безбедност на податоците во регистарот.

(2) Личните податоци од регистарот се чуваат трајно.

(3) Формата, содржината и начинот на водење на регистарот го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата.

КОМОРСКИ СИСТЕМ

Член 20

(1) Комората е самостојна, стручно - деловна организација која дејствува на територијата на Република Македонија и има својство на правно лице.

(2) Во Комората задолжително членуваат сите трговци на зелени пазари од членот 7 став (1) алинеи 1, 2, 3, 4 и 5 кои вршат трговија на мало на тезга и пазари на територијата на Република Македонија.

Член 21

(1) Комората ги врши следниве работи:

1. врши упис, бришење и сите промени врзани со вршење на дејноста и со трговецот на зелени пазари во регистарот;

2. издава и одзема легитимација;

3. доставување на решение од основното регистрациско тело до Централниот регистар и поднесување пријава за упис во Централниот регистар;

4. доставување на информација до Управата за јавни приходи за трговците на зелени пазари регистрирани во регистарот на Комората со цел изготвување на решение за паушално оданочување на истите;

5. изготвување и достава на документи за пријава и одјава во Агенцијата за вработување на Република Македонија, Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија и Фондот за здравствено осигурување на Македонија;

6. ја разгледува проблематиката на работата на пазарите;

7. дава предлози до надлежните државни органи за подобрување на условите за работа;

8. застапување на интересите на трговците на зелени пазари;

9. ги претставува трговците на зелени пазари пред државните органи и тела во Република Македонија;

10. давање мислења и предлози при донесувањето на прописи од областа на трговијата на мало на тезги и пазари;

11. формирање на суд на честа;

12. други работи во интерес на трговецот на зелени пазари и

13. врши други работи утврдени со овој закон, како и со Статутот на Комората.

(2) Комората работи врз основа на донесени одлуки од страна на Управниот одбор, Собранието и другите органи на Комората.

Член 22

(1) Со Статутот ка Комората се уредува особено:

- остварување на интересите на членовите на комората, правата, обврските и одговорностите на членовите,
- постапката за донесување на статутот и другите општи акти,
- критериум за одредување на бројот на делегираните претставници во Собранието, Управниот одбор и Надзорниот одбор,
- работата на органите и телата на Комората, нивниот делокруг на работа, состав, број на членови, начин на избор и разрешување, односно траење на мандатот,
- начинот на одлучување во органите и телата на Комората, облици на организирање на Комората, организација и обврски на стручната служба и директорот на стручната служба,
- застапувањето и претставувањето на Комората,
- областите и облиците на соработка со останатите комори во Република Македонија и со органите на централната и локалната власт, односно со други организации, сојузи и заедници и
- јавност, траспарентност и информации за работата на Комората и за изворите и начинот на остварување, собирање, поделба и трошење на средствата потребни за работа на Комората.

Член 23

Органи на Комората се Собрание, Управен одбор, Надзорен одбор и претстедател.

Член 24

(1) Собранието на Комората е највисок орган на управување, а го сочинуваат претставници на трговци на зелени пазари делегирани од секој пазар во Република Македонија.

(2) Собранието на Комората ги врши следниве работи:

- донесува статут,
- именува и разрешува претседател,
- донесува одлука за висината и начинот на плаќање на коморскиот придонес,
- донесува одлука за висината и начинот на плаќање на јавните овластувања,
- именува и разрешува членови на управен и надзорен одбор,
- одлучува за распишување избори и спроведува избор за органите и телата,
- донесува општи акти за извршување на задачите,
- донесува одлука за основицата и стапките, односно начините и рокови за плаќање на коморскиот придонес и други услуги,
- донесува Деловник за работа на Судот на честа и
- врши и други работи утврдени со овој закон и статутот на Комората.

Член 25

Управниот одбор на Комората ги врши следниве работи:

- ги спроведува одлуките и заклучоците на Собранието,
- утврдува предлог статут и други акти од надлежност на Собранието,
- предлага одлуки, зазема ставови и дава мислења за прашања од надлежност на Собранието,
- именува и разрешува директор на стручната служба на Комората,
- ги носи општите акти за организација и работа на стручната служба и
- врши други работи утврдени со статутот.

Член 26

Надзорниот одбор го следи спроведувањето на Статутот и другите општи акти на Комората, го следи финансиското работење и располагање со средствата на Комората и врши други работи утврдени со Статутот.

Член 27

(1) Претседателот на Комората ја претставува и застапува Комората.

(2) Собранието на Комората го именува и разрешува претседателот на Комората.

Член 28

(1) Во рамките на Комората се основа и работи Суд на честа.

(2) Судот на честа одлучува за кршење на добрите деловни обичаи при вршење на дејноста, како и за повреда на Статутот и другите акти на Комората.

Член 29

(1) Комората има стручна служба.

(2) Со стручната служба раководи директор.

**Јавни овластувања**

Член 30

(1) Комората врши јавни овластувања утврдени со овој закон.

(2) Јавното овластување го дава министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата.

(3) Јавното овластување од ставот (2) на овој член се доделува со Решение по предлог на Комисијата за доделување, одземање и контрола за вршење на јавните овластувања во рок од 15 дена од денот на добивањето на комплетното барање.

(4) Кон барањето за добивање на јавно овластување, Комората приложува Решение од Централниот регистар и доказ за исполнување на условите за доделување на јавни овластувања согласно со членот 32 од овој закон.

(5) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата, јавното овластување од овој закон го доделува со Решение по предлог на Комисијата за доделување, одземање и контрола за вршење на јавните овластувања во рок од 15 дена од денот на добивањето на комплетното барање.

(6) Формата и содржината на барањето за доделување на јавно овластување од ставот (4) на овој член, го пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата.

Член 31

Комората може согласно со овој закон, да добие јавни овластувања за извршување на следниве задачи:

- вршење на уписи, промена и бришење од регистар и
- издавање и одземање на легитимација според постапка определена со овој закон.

Член 32

(1) Јавното овластување на Комората може да се додели ако ги исполнува следниве услови:
- има вработено доволен број работници кои се овластени за водење на постапка и други стручни задачи, согласно со овој закон, при што вработениот регистратор е со минимум средно образование,
- има на располагање соодветна информатичка опрема за извршување на задачите од јавното овластување, со која ќе обезбеди внесување и достапност до податоците од регистарот и која содржи најмалку еден компјутер, скенер, телефон и интернет приклучок и
- има обезбедено простор за опрема за извршување на задачите од јавното овластување. Обезбедениот простор е најмалку 30м2 во кој има посебен дел за уписот во регистар и архивирање на податоците како и дел за прием на странки.

(2) Комората мора да ги исполнува условите од ставот (1) на овој член во текот на целото времетраење на јавното овластување.

Член 33

(1) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата формира Комисија за доделување, одземање на вршење на јавните набавки (во натамошниот текст: Комисијата).

(2) Комисијата има пет члена од кои четири члена од Министерството надлежно за работите од областа на трговијата и еден претставник од Комората.

(3) Членовите на Комисијата имаат мандат од четири години со право на реизбор.

(4) Комисијата донесува Деловник за работа.

(5) Комисијата работите ги врши без право на надоместок.

Член 34

(1) Комисијата ги врши следниве работи:
- дава предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата за доделување на овластувања на Комората,
- дава предлог на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата за одземање на јавните овластувања и
- врши контрола на работите поврзани со вршењето на јавните овластувања.

(2) Доколку Комисијата утврди недостатоци и неправилности во вршењето на јавните овластувања ќе определи рок за нивно отстранување и доколку истите не бидат отстранети во предвидениот рок, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата ќе го одземе јавното овластување.

(3) Министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата со решение го одзема јавното овластување на Комората на предлог на Комисијата, ако:
- неправилно, незаконско и ненавремено го извршува јавното овластување,
- не ги исполнува условите од членот 32 став (1) од овој закон,
- дава невистинити изјави, податоци или документи во постапка за добивање на јавното овластување или при проверката на исполнувањето на условите за добивање на јавното овластување,
- не ги отстрани констатираните недостатоци и неправилности по вршењето на надзорот од ставот (2) на овој член во рокот определен за нивно отстранување и
- е започната стечајна постапка.

(4) На барање на Комората органот на државната управа надлежен за работите од областа на трговијата може со решение во рок од 30 дена да утврди престанок на вршењето на јавното овластување.

(5) Против решението за одземање, односно престанок на вршењето на јавното овластување на Комората не е дозволена жалба, а незадоволната страна може да поведе управен спор пред надлежен суд.

(6) Решението за одземање, односно за престанок на вршењето на јавното овластување е конечно.

